# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 март 2004 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 13,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Лилјана Поповска, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ја отворам Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Трифун Костовски, Благоја Гешовски, Јани Макрадули, Ванчо Георгиев, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски, Никола Груевски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Али Ахмети, Ристо Пејоски, Љубе Бошковски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 80 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Предлагам дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Гласале 59 пратеници. Сите 59 пратеници гласале за.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

**1. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување членови на Државната изборна комисија, секретар и нивни заменици.**

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласате.

Вкупно гласале 66 пратеници, 65 за, 1 воздржан.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на точката од дневниот ред.

Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на членови на Државната изборна комисија, секретар и нивни заменици.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Потпретседателке, барам збор процедурално. Имено со оглед на тоа што седницата беше брзо закажана согласно на законот за избор на претседател на Република Македонија во рок од 48 часа. Меѓутоа, бидејќи денеска има многу комисии кои што почнувајќи од 10,00 часот, дел од комисиите немаат сеуште завршено со својата работа. Значи, за да завршат со работа некои од комисиите и за да можеме да се искоординираме како пратеничка група, бидејќи голем број од нашите пратеници беа присутни на комисиите, барам пауза од 10 минути за да ја направиме таа координација и после тоа да продолжиме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Прогласувам пауза од 10 минути.

(По паузата)

Да продолжиме со седницата.

Беше отворен претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитувани колеги пратеници, како прво на почетокот на мојата дискусија по оваа точка од дневниот ред, бидејќи сепак е поврзано со изборите сакав да дадам една забелешка и во врска со вчерашното водење на седницата. Јас ги земав стенографските белешки.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Се извинувам ова е претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Во кое што еден од амандманите не беше отворена расправа по него. Еве ги стенографските белешки, воопшто не беше отворена расправа по тој амандман.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам да ја почитувате процедурата.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

И ако вака се продолжи, нема да биде добро. И тогаш кажав, многу се брза, непотребно се брза. И така и така немаше да влијае.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали ќе дискутирате по текстот на предлогот на одлуката.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Да. Ние немаме можност да го искажеме нашето мислење на друг начин, а врзано е со квалитетот на изборите. Тој закон беше завчера донесен. Јас ја прифаќам забелешката. Ќе го кажеме ние тоа во некоја друга форма.

Сега ќе се осврнам во врска со денешнава точка на дневен ред. Имено, за предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за именување членови на Државната изборна комисија, секретар и нивни заменици.

При ова сакам да кажам дека има членови во ДИК кај кои што има неспоивост на функциите. Имено, како член на ДИК е и заменик министерот за правда Мери Младеновска. И сметам дека во нејзината функција постои неспоивост на функцијата. Имено, таа како заменик министер за правда, како Министерство за правда има надлежност да го составува единствениот избирачки список, а како член на ДИК, ДИК согласно на измените на Законот за избирачки список донесени пред парламентарните избори 2002, ДИК го потврдува избирачкиот список. Значи, еден висок раководител, заменик министер за правда во исто време и го составува единствениот избирачки список и како заменик министер за правда од една страна, а од друга страна како член на ДИК го потврдува донесувањето на тој единствен избирачки список, со што настанува неспоивост на функциите. И сметам дека нема да биде добро за изборите, ние како политичка партија и како пратеничка група сакаме да укажеме дека со ова постои можност за манипулации при изборите, реков постои можност, тоа ќе се види на самите избори. Меѓутоа, сакам да потенцирам дека и пред ова ние неколку пати и во пратенички прашања сме напоменувале дека постои неспоивост на тие функции, меѓутоа власта очигледно се оглушуваше на сите наши забелешки. Со ова сметам дека ќе се направи прекршок. Имено, некој ќе спомене дека и господинот Трајко Вељановски исто така беше во Министерството за правда, исто беше и член на ДИК, работеше во ДИК. Меѓутоа, сакам да напоменам дека тој работеше се додека не се измени Законот за единствен избирачки список. Имено, пред неговите измени, пред парламентарните избори 2002 година потврдувањето на единствениот избирачки список го вршеше државна комисија за

избирачки список, која што државна комисија ја избираше Собранието на Република Македонија и со тоа немаше двојство една личност од една страна да учествува во составувањето во едно тело која го составува, или орган, а од друга страна во орган кој што го потврдува тој избирачки список. Имено, исто така се коси и со законот за спречување на корупција. Имено, во член 21 децидно пишува: избран, или именуван функиционер за време на траење на мандатот неможе да врши никаква друга државна функција, или дејност што е неспоива со неговата функција. Ова е токму еден таков момент. Сметам дека би требала госпоѓата Мери Младеновска да биде повлечена од член на ДИК со што ќе се остави можност ние да не се сомневаме во реалноста и во намерите дека овие избори ќе бидат фер и демократски избори.

Исто така, би сакал да продискутирам и за заменик член на ДИК. Имено, господинот Александар Новакоски со сета почит кон неговата личност, меѓутоа тој како раководител на стручните служби по функција во Собранието под него се сите стручни служби, а истовремено ДИК според законот ги користи службениците од службите од Собранието за работата на ДИК и сметам дека и тука би требало да се направи измена, бидејќи сепак сметам дека има доста доволно луѓе во Република Македонија за да нема функции кои што ќе бидат концентрирани во мал број на личности.

Како трета забелешка која што исто така сакам да ја упатам, тоа е до ДИК. Вчера имаше состанок, затворена седница, можеби е прва, во ред. Меѓутоа, сакам да препорачам понатаму седниците на ДИК да бидат јавни и транспарентни како што беа до 2002 година кога на медиумите им беше овозможено да бидат присутни за цело времетраење на работата на ДИК. Впрочем тоа е регулирано и со Деловникот за работа на ДИК. И доколку тоа не се направи исто така, како што е почнато можеби и ќе биде, исто така ќе доведе до сомнение дека овие избори ќе бидат фер и демократски избори.

Да кажам за предложениот секретар на ДИК. Јас не би сакал за личноста ништо да говорам, меѓутоа ќе говорам за процедурата. Ние како политичка партија или пратеничка група која што партиципира во Комисијата за избори и именувања воопшто не бевме консултирани при давањето на предлогот за секретар на ДИК. Впрочем истото како што се направи и за претседателот на ДИК кога бевме повикани само да ни биде соопштено кој ќе биде претседател на ДИК. Така што овие забелешки сметам дека требаше да ги кажеме, да ги чуе македонската јавност. Сметам дека овие забелешки ќе бидат прифатени се со цел да им дадеме порака на граѓаните на Република Македонија дека овие избори ќе бидат фер и демократски.

Во спротивно сметаме дека се прави обид овие избори да не бидат фер и демократски.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници, сакам да му реплицирам на господинот координатор на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во однос на искажаното за наводната неспоивост на функциите на членовите на ДИК од СДСМ. Апсолутно нема никаков основ и не постои никаква законска пречка, ограничување, или неспоивост, а уште помалку судир на интереси, бидејќи господинот Трајановски го цитираше и се повика на одредбите од Законот за спречување на корупцијата. Таму тој вели дека за дејност што е неспоива, меѓутоа, никаде господине Трајановски вие не нагласивте доколку има такво нешто каде пишува и во кој закон пишува дека е тоа неспоиво. Значи, која е таа одредба каде што не дозволува заменикот министер за правда да биде член на ДИК. А што се однесува до вашите сомневања за можни злоупотреби, не би сакал да ги коментирам, само едноставно ќе кажам дека за секакви злоупотреби и прекршувања на законот постојат санкции, постои Кривичен закон. Така и за госпоѓата Мери Младеновска. А она што добро не потсетивте вие за работата и учеството во ДИК на господинот Трајко Велјановски кога тој беше исто така државен секретар во Министерството и заменик министер за правда, се работи за истиот случај. А за работата на Трајко Велјановски нема да разговараме затоа што незнам од кои причини него не го стигна законот, одредбите од Кривичниот закон. Инаку, ваквите изјави ги сваќаме од ваша страна како единствено фаќање на давеникот за сламка, бидејќи во недостаток на аргументи и подготвеност за еден демократски натпревар се даваат забелешки за кои апсолутно нема никаков аргумент и се прави отстапница од страна на ВМРО-ДПМНЕ за евентуален нивни неуспех на изборите.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Практично господинот Кондарко ништо не кажа. Имено, испадна пак како во време на турско, кадија те тужи, кадија те суди. Значи, ако госпоѓата Мери Младеновска ги составува избирачките списоци, истата ги потврдува. Значи може буквално да кажеме, да парафразираме дека може кого сака да стави во тие избирачки списоци и после тоа да си го потврди на ДИК, плус 50.000 избирачи, плус 100.000 избирачи и после тоа на ДИК таа повторно да ти ги потврди истите. Од таа

појасна неспоивост сметам дека неможе да има. И според тоа многу јасна е намерата на власта дека сака да ги фалсификува овие избори. Сега и директно ќе го кажам тоа, со оглед на тоа што сака аргументи господинот Кондарко. А, какви ќе бидат резултатите од изборите, сметам дека ако 15 септември ги излажавте граѓаните на Република Македонија, сега на 14 април ќе имате можност да ја почуствувате казната од народот заради тоа што постапивте така.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Каме Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Морам да споменам дека денеска седница одржа исто така итна како оваа седница и на Собранието на Република Македонија и Комисијата за прашања на изборите и именувањата и меѓу другото констатира дека врз основа на член 12 став 4 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Република Македонија од 11 јули 2002 година донесена е одлука за именување на членови на ДИК, секретар и нивни заменици, или “Службен весник на Република Македонија” број 53/02. Според тоа, сите овие членови кои што ги спомна господинот Трајановски се тогаш избрани, не се денеска избрани и денеска нив не ги избираме. Тоа е едната работа.

Втората работа е што во меѓувреме настанати се во државата општо познатите околности со смртта на претседателот поради што овој факт го утврди и Уставниот суд на Република Македонија. Со оглед на фактот што овој закон е влезен во сила од денот на неговото објавување во “Службен весник на Република Македонија” исто така , исполнети се условите согласно член 7 став 3 да се потполнат упразнетите места. Упразнетите места денеска ние едногласно ги усвоивме, а тоа се две места: секретар на ДИК при што се консултирани претседателот на државата како вршител на должност и претседателот на ДИК, а Комисијата е легален орган за работно тело за предлагање. Тоа е едната работа. Исто така, утврдивме можен член, на заменик на член на ДИК и тоа од страна на ВМРО-ДПМНЕ. Сите овие  одлуки на Комисијата беа едногласно прифатени.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Колегата, како претседател на Комисијата за избори и именувања на Собранието на Република Македонија ги потврди моите сомневања и моите искажувања. Имено, тогаш кога беа донесени членовите на Државната изборна комисија, зборувам конкретно за госпоѓата Мери Младеновска, таа тогаш не беше заменик министер за правда и господинот Александар Новакоски не беше генерален

секретар на Собранието на Република Македонија и тогаш не постоеше неспоивост на функцијата. Тоа настана после 15 септември, после именувањето на членот и заменикот член кој што ги спомнав, на овие државни функции кои сега ги имаат. Затоа ние апелираме, овие членови да бидат заменети за да може да се отстранат сите сомневања дека овие избори ќе бидат фалсификувани.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Трајановски.

Има збор господинот Љупчо Мешков.

ЉУПЧО МЕШКОВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги.

Моето јавување е пред се да искажам една принципиелна, можеби не толку суштинска, но принципиелна забелешка на Предлогот за именување секретар на Државната изборна комисија.

Како член на Комисијата за избори и именувања на Собранието на Република Македонија гласав за и другите членови од опозицијата гласаа за и нема причина и тоа денес да не го потврдиме. Меѓутоа, факт е дека за изборот на секретар односно за предложениот секретар госпоѓата Билјана Стојановска, што нејзината биографија се гледа дека има работено на доста задачи кои ќе и бидат од корист во успешното извршување на работите во Државната изборна комисија, не е направена консултација со опозиционите партии, за што ние се залагавме секогаш и денес, за да можеме преку консензус на политичките партии за дојдеме и до избор на членови во Државната изборна комисија, за кои понатаму нема да постои сомневање во регуларноста на нивното работење и регуларноста на изборите. Значи, ние сега потврдуваме дека консензусот беше потребен и во овој случај. А во предлогот што е даден и во Комисијата за избори и именувања на Собранието на Република Македонија, не се консултирани партиите од опозицијата.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор се јави господинот Чедомир Краљевски.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке, почитувани колеги.

Изборниот процес во Република Македонија, по повод изборите за претседател на државата е огледало на Република Македонија во развојот на демократијата и степенот на приближување на Република Македонија кон

остварување на највисоките дострели на демократијата и со тоа приближување и кон Европската унија и евроатланските асоцијации. Од тие причини, спомнувањето, фаќањето за сламка дека некој од членовите на Државната изборна комисија, од СДСМ не се формално правно, односно се формално правно во ред, а да не се зема предвид моралната димензија, бидејќи не се чуло и видело никаде во светот, министер односно заменик министер за правда да биде член на Државната изборна комисија и тоа министер за правда од актуелната коалициона влада на СДСМ и на Државната изборна комисија што има врска со изборниот процес од позиција на министер за правда со судството во Република Македонија, бидејќи судството во Република Македонија е активен чинител во изборниот процес. Таа морална димензија зекогаш треба да се има предвид. И да нема формално правна пречка, или неспоивост на функцијата, стрикно одредена во некој законски текст, сепак тука треба да се гледа и таа димензија. Со цел респект кон госпоѓата Мери Младеновска и господинот Александар Новакоски кој по некаква субординација и хиерархија во собраниските служби е надреден над техничкиот персонал што учествува во подготовката на материјалите на Државната изборна комисија. Тие треба самите да си поднесат оставка, бидејќи не може, СДСМ ќе има свој кандидат, а врската судство - Министерството за правда, член на Државната изборна комисија - министер за правда Мери Младеновска. Таа е сепак министер. Таа е  заменик министер а всушност е министер во отсуство на министер Иџет Мемети. Според тоа, таа да учествува во Државната изборна комисија е нонсенс. Затоа, за регуларноста на изборниот процес и заради имиџот што го гради Република Македонија во спроведување на фер и демократски избори кои ќе бидат предуслов и еден чекор поблиску до интеграцијата на Република Македонија во евроатланските структури, би требало овие луѓе да се изземат од Државната изборна комисија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Реплика има господинот Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Само кусо, на господинот Чедомир Краљевски што го потврди, всушност, она што јас го говорев во претходната реплика на господинот Трајановски.

Господинот Краљевски констатираше и потврди дека нема никакви формално правни пречки и натаму госпоѓата Младеновска да ја извршува функцијата член на Државната изборна комисија. Очигледно, пратениците во Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не се усогласени.

Предлагам пауза со кој став натаму ќе останат на седницата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Чедомир Краљевски повелете.

ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:

Јас во моето излагање реков, дури и да нема формално правни пречки, не бев дециден дека нема формално правни пречки, сепак треба да ја погледнеме моралната димензија на учеството на овие членови во Државната изборна комисија, со оглед на нивната функција што ја заземаат во извршната власт, односно министер во Владата на Република Македонија и секретар на Собранието на Република Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За збор е јавена госпоѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам госпоѓо потпретседателке.

Јас би кажала неколку збора околу полемиката дали постои неспоивост на функцијата член на Државната изборна комисија и министер во Владата на Република Македонија.

Имаше полемики кои се движеа од морална неспоивост до формално правна неспоивост. Меѓутоа, јас би ги замолила и би им посочила на колегите да го погледаат член 89 ставот 5 од Уставот на Република Македонија, во кој се вели дека функцијата претседател на Влада и министер е неспоива со вршење на друга јавна функција или професија. Јас мислам овој член се кажува дека ако ние го почитуваме Уставот, тогаш госпоѓата Мери Младеновска не смее да биде во изборната комисија. Не станува збор ни за формално ни за морално право, туку за почитување на Уставот и законите. Ако ние го кршиме Уставот, тогаш можеме и другите министри и премиерот да ги ставиме во Државната изборна комисија и да си ја завршиме работата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Процедурално за збор се јавува госпоѓица Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Благодарам госпоѓа потпретседателке,

Јас би сакала да укажам на тоа дека денешната точка на дневен ред е Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување членови на Државната изборна комисија, секретар и нивни заменици. Тука имаме два предлога, еден член и секретар на Комисијата.

Согласно член 77 став 1 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, вели дека говорникот може да говори само по прашањето што е на дневен ред и став 2 вели дека ако говорникот се одалечи од прашањето што е на дневен ред, претседателот на Собранието на Република Македонија го повикува да се придржува на прашањето што е на дневен ред.

Ве молам, со оглед на тоа што имаме два предлога, дискусијата да се води по овие два предлога.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам колешке.

Овие дискусии имаат директна врска со она што е на дневен ред.

Продолжуваме со дискусија.

Збор има господинот Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Сметам дека не треба позицијата да ни кажува што треба, а што не треба да дискутираме. Ние дискутираме за Државната изборна комисија, за нејзиниот состав и со оглед на тоа зборуваме за спроведување на независни, фер и демократски избори, а Државната изборна комисија претставува независен орган кој треба да ужива доверба и кај опозицијата и на тој начин да ги анулира сите сомнежи за некакво влијание или за некаква привилегирана положба на позицијата, затоа што таа секогаш е привилегирана и со самиот факт што има министри, заменици министри, има функционери на различни нивоа на власта. Од овие причини, јас сакам да истакнам, пред се сум поттикнат од она претходно што беше искажано, навистина ако сака позицијата за зборува за фер и демократски избори, тогаш треба да ги повлече оние членови кои директно можат да влијаат на изборниот процес.

Само да спомнам, Министерството за правда е надлежно за водење на Избирачкиот список, за негово ажурирање и целосно е одговорно за реализација на овој процес. Значи, министерот за правда кој е одговорен за избирачките списоци е член на независен орган, како претставник на политичка партија. Од овие причини сметам дека желбата за фер и демократски избори треба да биде кажана на јасен и дециден начин.

Она што започна завчера со донесувањето на измените на Законот за избор на претседател, без консултација на опозицијата, именувањето на претседател на Државната изборна комисија, без консултација со опозицијата и сега оставањето како членови на лица кои се директно претставници на извршната власт во Државната изборна комисија, кога се работи за претседателски избори и кога

зборуваме за демократски избори, навистина не можеме да го прифатиме ниту ние ниту пак јавноста, ниту оние што треба да гласаат.

На крај не сакам да должам, мислам дека со ова позицијата само покажува една ароганција не само спрема опозицијата, туку и спрема граѓаните кои треба да го изберат идниот претседател на Република Македонија. Овој начин на спроведување на избори навистина не долекува на една демократска атмосфера.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале вкупно 76 пратеници, 74 за и 2 воздржани.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за именување членови на Државната изборна комисија, секретар и нивни заменици.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 57-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 13,50)